

**Глигор Кондовски**

**Кратка биографија:**

М-р Глигор Кондовски, роден 28 Април, 1980 год. Дипломира на Факултетот за музичка уметност, вокално-интрументален оддел, отсек виолина во класата кај проф. Олег Контраденко. Дипломира на вториот Факултет за драмски умености при Тетовскиот универзитет, филмска и ТВ режија кај Проф. Иса Ќосја. Магистрира на Факултетот за драмски уметности во Скопје, Филмско и ТВ сценарио, кај Проф. Д – р Сашко Насев. Моментално е вработен како наставник по виолина во ДМУ “Тодор Скаловски - Тетоец” во Тетово. Покрај неговата успешна педагошка дејност со награди и успешни ученици, има издадено три амбиентални музички албуми кои се продаваат на светските музички платформи: “Crumbly Secret” 2008, “Flown letters” 2012 и “Around the bend” 2019. Во 2008 година негова композиција “Green dance” се најде на компилационо цд под наслов “Imamo dobro glasbo” издадено преку радио Вал202 при РТВ Словенија. Во 2009 година со краткометражен студентски филм насловен како “Boring boy” учествува во Кавадарци на државен филмски фестивал. Во 2012 година со краткометражен филм “Никогаш не знаеш” на Микроарт фестивал во Белград, во Р.Србија. Во 2014 година учествува со експериментален филм “Рестарт” на Микорарт фестивал во Белград, Србија. Во 2016 на Festival u Slavonski brod, Croatia. Во 2016 на Indipendent European Cinema, во Нови Сад, Р. Србија. Во 2017 на Студентски филмски фестивал “New wave” Софија, Р. Бугарија. Во 2019 со филмот “Попладневни малини” се појавува на државен филмски фестивал во Крушево, на Вива фестивал во Сараево, Босна и Херцеговина и на “Inshort fest” во Нигерија. Прва самостојна изложба на фотографии насловена како “Обични профили” ја прави во Смедеревска паланка, Р. Србија, во 2018 година како и дел на мои фотографии учествуваа на: Изложба на фотографии во Музеј на Современа уметност и ЕУ Инфо Центар во склоп на проект “Денови на разноликоста”, 2017. Самостојна изложба под наслов на фотографии: “Тетовски Џез моменти”, 2019 со поддршка на Министерство за култура. Самостојна изложба на фотографии под наслов: “На сцена”, 2020 со поддршка на Министерство за култура. Самостојна изложба на фотографии под наслов: “Сфера” со поддршка на Министерство за култура, 2021 година. Помошник организатор на настан по повод 30 години

независност под наслов: “Мултимедијална летнаноќ”, 2021 година. Со композицијата “Once upon a train” учествува на една компилација наречена “Клавирско небо” во Р. Србија, 2021 година.

УДРУЖЕЊЕ СРБА И МАКЕДОНАЦА
ЗДРУЖЕНИЕ НА СРБИ И МАКЕДОНЦИ
КУД „БРАНКО - ЧАЈКА"
ТЕТОВО - Р. МАКЕДОНИЈА

жиро сметка: 290 - 3000000197-27
депонент: ТТК Банка - Скопје

ул. ЈНА бр 27, 1.200 Тетово, моб. тел. +389 71 224 311;
e-mail usm.tetovo@yahoo.com

**БИОГРАФИЈА**
**на**

**ЗДРУЖЕНИЕ НА СРБИ И МАКЕДОНЦИ**
**КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКО ДРУШТВО „БРАНКО ЧАЈКА"**

**ТЕТОВО**

Неколку месеци по прогласувањето на независноста на Република Македонија, 1991 година, на иницијатива на група граѓани во Тетово е основано Здружение на Срби и Македонци КУД „Бранко Чајка". Основачкото собрание е одржано на 25.јули,1992. година, а веќе од 25-ти септември истата година, заведено е во судскиот регистар на општествени организации и здруженија на граѓани во Општинскиот Основен суд во Тетово, под реден број 366.

На почетокот Здружението го носи името "Здружение на Срби , Македонци и Црногорци" со цел развој на активности од областа на духовниот и културниот живот, обичаите и нивните меѓусебни односи и со останатите националности каде што живеат. Работата и активностите на Здружението е да ја негува врската со Србите, Македонците и Црногорците преку разни видови заеднички активности, да се зачува идентитетот, духовниот, културниот и економскиот просперитет на територијата каде што живеат сите заедно.

Подоцна, како што се менуваа работите на политичката сцена, кога во 2006. година Република Србија се стекна со независност, Здружението продолжува со работа како Здружение на Срби и Македонци.

Активностите на Здружението се дефинирани со одредбите на Статутот на Здружението и неговите тела и органи како невладина, неполитичка и непрофитабилна организација. Во таа смисла, Здружението покрај своите содржини и активности, настојува да ги следи случувањата во регионот, Републиката и пошироко, со активно учество во обележувањето на значајните
настани и датуми. Во согласност со тоа, Здружението традиционално со пригодни манифестации ги обележува позначајните датуми на двата етноса: Свети Сава, Видовден и Свети Климент, 2. Август, 8. Септември и 11. Октомври, како и другите настани што се од повремен карактер.

Фолклорната активност, како составен дел на Здружението, постои од 1993г. на почетокот како КУД "Фолклор". Подоцна, фолкорната група настапува како КУД "Бранко Чајка", по името на познатиот спортски работник од градот.

На својот репертоар фолклорната секција подеднакво го негува и српскиот и македонскиот фоклор. На настапите надвор од границите на Македонија публиката топло ги дочекува сплетовите од богатата ризница на српскиот и македонскиот фолкор.

Фолклорната секција брои успешни настапи во градот, регионот, Македонија, Србија и пошироко: Тетово, Скопје, Радовиш, Долнени, Грачаница, Власина, Врање како и на бројните мултикултурни фоклорни смотри. Во Бања Лука (Република Српска) освојува Гран при. Како награда за освоено прво место на Фолклорниот фестивал во Струмица во 2008. година, Здружението годинва учествува на Меѓународниот фестивал во Даламан, во Турција каде има запазен настап. Редовно настапува на манифестацијата "Тавче гравче" во Јабука кај Панчево (Република Србија) од каде повеќе пати се враќа со освоени први места во подготовка на овој специјалитет.

Здружението има остварено соработка со Институтот „Марко Цепенков" од Скопје во делот на зачувувањето на карактеристиките на етно пеењето на Долнополошкиот регион, како посебно карактеристична и единствена форма.

Во рамки на Здружението работи литературната, драмската, како и секцијата за туризам која организира посети на значајни културно-историски места во Македонија и Србија.

Здружението повеќе пати се истакнува во крводарителни акции и во собирање хуманитарна помош во вид на храна, вода, лекови, хигиенски материјал, облека, пари и слично, како што беше за време на бомбардирањето, а и за поплавата во Република Србија. Неколку пати учествува во собирање донација за Новогодишни пакетчиња за српските деца на Косово во организација на Културно-информативниот центар на Србите во Македонија „Спона" од Скопје за што Здружението има добиено благодарница. на д-р Снежана Филиповиќ, од редовите на Здружението, во 2007 година и е доделена „Видовденска повелба". Признанието, пред се, се доделува за повеќегодишно пожртвувано ангажирање во хуманитарни активности, во акции за прибирање лекови, санитетски материјал, хигиенски производи, храна и друг вид помош за време и после НАТО бомбардирањето на Србија како и придонес за загрозените Срби во Косово.

Особена важност Здружението дава во чувањето и негувањето на српскиот јазик, кириличното писмо кај децата и младите припадници на српската националност во Македонија, со организирање на манифестацијата "Пишемо и стварамо на српском језику" (2011, 2012, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020 и 2021 година),„Летња школа српског језика"(2018) и „Школа српског језика" (2019, 2020 и 2021 година) со поддршка од страна на Министерството за култура и информирање на Република Србија и Министерстото за надворешни работи, Управа за соработка со дијаспората и Србите во регионот. Двете министерства исто така финансиски ја помогнаа реализацијата на проектот „Корени прошлости- корени будуќности" (2015. и 2016. година) кои има за цел зачувување на културниот и етничкиот идентитет на Србите во Македонија..

Здружението соработува и со Министерството за култура на Република Северна Македонија најчесто со организирање проекти кои се однесуваат на негување на српскиот и македонскиот фолклор и традиција. Така, во 2015.година реализиран е Проектот „Подготовка и учество на манифестацијата„ Денови на каранфилот во Врањска бања".

Одбележувањето на јубилејот – 25 година постоење и работа на Здружението финансиски е помогнат од страна на Министарството за култура на Република Северна Македонија. По тој повод се издаде прва печатена монографија за Здружението и Свечен концерт, под мотото „25 години заедно – пишуваме историја, ја чуваме традицијата, градиме мостови".

Здружението успешно ја претстави културата на Македонија на Деновите на македонската култура во Нови Сад, Република Србија (2018 година). (Министерство за култура на РСМ)

Во Тетово, 2018, 2019 и 2021 година, Здружението е организатор и домаќин на мултикултурната фолклорна средба „Фолклорни игри под Шара“. (Министерство за култура на РСМ)

За припадниците на српската националност во Тетово и околните населени места, го релизира проектот „Најлепше је ѓачко доба“ на текст од Власта Н. Цениќ, Република Србија, пиеса за деца на српски јазик.(Министерство за култура на РСМ)

Од страна на Министерството за култура на Република Северна Македонија во 2019 година поддржан е проектот „Едукативно-експериментална работилница (фолклорни игри)“.

На пошетокот на 2020 година Здружението зеде учество на првата манифестација „Денови на културата и традицијата на дијаспората во Ниш“.

## НАЈЗНАЧАЈНИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

-Прва награда на фестивалот во Струмица, Република Македонија, 2005 година.

-Награда „Црвена ружа“ на фестивалот во Грачаница, 2007 година.

-Гран при на Првиот меѓународен фолклорен фестивал “Дукат” во Бања Лука, Република Српска, 2008 година.

-Прва награда за најуспешен настап на фестивалот “Пеце Атанасовски” во с. Долнени, Прилеп, Република Македонија, 2010 година.

-Плакета на Општина Тетово во знак на благодарност за постигнатите резултати во областа на културата, 2012 година

-Благодарница од Здружението на воените потомци на Србија од 1912-1920 година, 2016 година.

-Признание „Културно-уметничко друштво од национален интерес“ доделено од страна на Министерството за култура на Република Македонија

-Повелба за соработка со Здружение на Срби и Унгарци „Весели Сантовчани“, Република Унгарија

-Повелба за соработка со Сурдулички културен центар од Сурдулица, Република Србија

-Повелба за соработка со Домот на култура во Глогоњ, Република Србија

-Повелба за соработка со Здружение на Македонци од пчињскиот округ „Гоце Делчев“ од Врање, Република Србија